Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), член 22 од Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 161/20 и 159/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 јули 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2022 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за 2022 година во износ од 2.859.901.448 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 507.853.974 kWh.
2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија изнесува 2.690.572.225 денари, за набавени 507.853.974 kWh на излез од дистрибутивната мрежа.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, регулираниот максимален приход за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 169.329.223 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 507.853.974 kWh, на ниво на мерно место.
4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19, 219/19 и 19/22), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.08.2022 |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.673,0567 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,7633 |
| **КАТЕГОРИЈА ОБРАЗОВАНИЕ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 3.178,8078 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,2504 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 3.178,8078 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,2504 |

5. Тарифните ставови од точка 4 на оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2022/2023 година.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2022 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), согласно член 21 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги, (во понатамошниот текст Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за снабдување со топлинска енергија за регулиран период почнувајќи од 1 август 2022 година бр.03-2421 од 27 мај 2022 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.11-163/22 од 27 мај 2022 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, Друштвото ја достави потребната документација согласно со Правилникот:

- Писмо за поднесување на Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за Снабдување со топлинска енергија, за регулиран период почнувајќи од 01.08.2022 година;
- Прилог 2 – Список на вработени од последна исплатена плата;
- Прилог 5 – Табеларни прегледи на податоци потребни за регулирање на максимален приход и цена на регулираното друштво;
- Преглед, вредност и амортизација на основни средства за 2021 и план за 2022 година;
- Прилог 6 - Изјава за веродостојноста на поднесените податоци од страна на претпријатието;
- Остварен и планиран приход од продажба на топлинска енергија за 2021 и 2022 година соодветно;
- Бруто биланс за периодот јануари – декември 2021;
- Бруто биланс за периодот јануари – април 2022;
- Комплет на годишна сметка 2021 (финансиски извештаи со сите прилози, биланс на состојба, биланс на успех);
- Извештај на независните ревизори за финансиските извештаи за 2021 година;
- Одлука за поднесување на барање до Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија за одобрување на максимален приход и цена за регулиран период почнувајќи од 01.08.2022 година, бр. 02-2358 од 26.05.2022 година;
- Извештај за економско-финансиската состојба на друштвото и Извештај за техничката состојба на основните средства;
- Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- ЦД со податоци во електронска форма.

По барање на Регулаторната комисија за енергетика, Друштвото дополнително кон Барањето ја достави и следната документација:

- Вкупно салдо на потрошувачи со долг над 500.000 денари од категорија останати, заклучно со 30.06.2022 година;
- Редовно салдо кај категорија домаќинства заклучно со 30.06.2022 година;
- Сумарен и месечен бруто биланс за периодот јануари – јуни 2022;
- Исплатени бруто плати за вработени и менаџери за 2021 и за период јануари-април 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 8 јуни 2022 година го објави известувањето во врска со Барањето на Друштвото на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, како и во дневните весници „Нова Македонија“ и „ Коха“.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

На 27 јуни 2022 година Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за престанок на важење на одлуката за издавање на лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија, врз основа на поднесено Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија, заверено со архивски број УП1 бр.11-186/22 од 17 јуни 2022 година, од страна на Друштвото.

Владата на Република Северна Македонија на 20 јули 2022 година усвои Заклучоци бр.41-6083/1 со кои се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика да го применува Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги при утврдување на регулираниот максимален приход и тарифа за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на поднесено барање од страна на Друштвото, се до денот на влегување во сила на Одлуката за издавање на лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија, избран по спроведена постапка за избор на вршител на енергетска дејност којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга регулирано производство на топлинска енергија, согласно член 51 став (2) од Законот за енергетика*.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1902/1 од 26 јули 2022 година свика подготвителна седница на 28 јули 2022 година на која предмет на разгледување беше „Предлог-Одлуката за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2022 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје“.

На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Скопје Север АД – Скопје, АД ЕСМ, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за економија, Министерство за финансии, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организција на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

По однос на Предлог-Одлуката за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2022 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје имаше забелешки од страна на Друштвото.

**Податоци од барањето**

Друштвото во Барањето ги има презентирано следните податоци:

| Опис | Ед.мерка | Снабдување 2022 |
|---|---|---|
| **Оперативни трошоци** | **денари** | **111.677.038** |
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови | денари | 5.955.208 |
| Трошоци за тековно одржување | денари | 235.001 |
| Трошоци за осигурување | денари | 319.193 |
| Бруто плати | денари | 56.364.436 |
| Менаџерски плати и награди | денари | 0 |
| Други услуги | денари | 33.644.685 |
| Останати и вонредни трошоци | денари | 8.377.025 |
| **Пренесени трошоци** | **денари** | **5.985.134** |
| **Амортизација** | **денари** | **796.357** |
| **Средства за ликвидност** | **денари** | **129.812.955** |
| **Маржа** | **денари** | **185.447.079** |
| **Фактор на корекција** | **денари** | **-19.659.880** |
| **Регулиран максимален приход за услугата снабдување** | **денари** | **383.542.890** |
| **ВКУПНО MAR** | **денари** | **4.155.538.529** |
| **Испорачана количина на топлинска енергија** | **kWh** | **506.596.975** |

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на Друштвото.

Регулираниот период за дејноста снабдување со топлинска енергија изнесува 1 година, со почеток од 1 јануари 2022 година. Регулаторната комисија за енергетика со оваа Одлука на Друштвото му одобрува регулиран максимален приход и тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за 2022 година.

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Оперативни трошоци**

При утврдување на оперативните трошоци за 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика ги имаше во предвид остварените трошоци во изминатите три години (2019 – 2021 година) како и остварените трошоци во првата половина на 2022 година, при што:

- Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 2.706.500 денари и се пресметани врз основа на просек од остварените трошоци за период 2019-2021 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2022 година од 8,8% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);

- Трошоците за тековно одржување изнесуваат 235.001 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето;
- Трошоците за осигурување изнесуваат 319.193 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето;
- Трошоците за бруто плати и менаџерски плати се пресметани согласно остварените трошоци за периодот јануари-јуни 2022 година и истите изнесуваат 46.823.660 денари и 6.433.266 денари соодветно;
- Другите услуги изнесуваат 25.569.816 денари и се пресметани врз основа на просек од остварените трошоци за период 2019-2021 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2022 година од 8,8%;
- Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци изнесуваат 8.377.025 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци се прифатени согласно податоците од Барањето и истите за 2022 година изнесуваат 5.985.134 денари.

**Амортизација**

Трошокот за амортизација е прифатен согласно податоците од Барањето и истиот за 2022 година изнесува 796.357 денари.

**Маржа за снабдување**

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи е утврдена да изнесува 26.905.722 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 507.853.974 kWh и истата е утврдена да изнесува 1% од регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија.

**Средства за ликвидност**

Процентот за утврдување на средствата за ликвидност за 2022 година, е утврден да изнесува 1% од регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на што, средствата за ликвидност за 2022 година изнесуваат 26.905.722 денари.

**Фактор на корекција**

При контрола на доставените податоци за 2021 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

Оперативните трошоци, пренесените трошоци и трошокот за амортизација се утврдени на ниво на остварените за 2021 година, согласно податоците од бруто билансот за 2021 година.

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи за 2021 година е пресметана како 2% од остварениот трошок за топлинска енергија, системски услуги и услуга дистрибуција за 2021 година.

Средствата за ликвидност за 2021 година се пресметани како 2% од остварениот трошок за топлинска енергија, системски услуги и услуга дистрибуција за 2021 година.

Регулираниот максимален приход за 2021 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2021}$) изнесува 1.702.495.249 денари и пресметката на истиот е презентирана во следната табела:

| Р.бр. | О П И С | 2021 | |
|---|---|---|---|
| | | РКЕ Одлука од јули 2021 г. | MARKt-1 |
| **1** | **Оперативни трошоци** | **87.028.906** | **92.013.622** |
| 1.1 | Трошоци за материјали (со вода), енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.939.326 | 2.244.514 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 313.708 | 397.432 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 314.547 | 264.270 |
| 1.4 | Бруто плати | 42.567.070 | 43.524.412 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 6.415.172 | 6.225.659 |
| 1.6 | Други услуги | 22.828.245 | 25.100.556 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 8.535.528 | 10.437.887 |
| **2** | **Пренесени трошоци** | **2.138.933** | **2.830.082** |
| **4** | **Амортизација** | **976.377** | **988.810** |
| **6** | **МАРЖА** | **29.715.570** | **31.120.548** |
| **7** | **Средства за ликвидност** | **29.715.570** | **31.120.548** |
| **8** | **Трошок за топлинска енергија, системски услуги и услуга дистрибуција** | **1.485.778.496** | **1.556.027.395** |
| **9** | **Надоместок за снабдување со топлинска енергија** | **138.673.182** | **154.254.718** |
| **10** | **Фактор на корекција** | **7.786.864** | **7.786.864** |
| **12** | **Вкупен регулиран максимален приход** | **1.624.451.678** | **1.702.495.249** |

Остварениот приход за 2021 година ($R_{2021}$) изнесува 1.684.224.812 денари, согласно доставените податоци од бруто билансот на Друштвото за 2021 година. Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 0,76% за 2021 година.

Факторот на корекција за регулираната дејност снабдување на топлинска енергија за 2021 година изнесува -18.271.826 денари. При пресметката на регулираниот максимален приход за 2022 година земен е во предвид целиот износ од -18.271.826 денари.

По извршената анализа Регулаторната комисија за енергетика утврди регулираниот максимален приход за 2022 година да изнесува од 2.859.901.448 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 507.853.974 kWh.

Во одобрениот регулиран максимален приход трошокот за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија изнесува 2.690.572.225 денари и регулираниот максимален приход за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 169.329.223 денари.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.11-163/22**
**29 јули 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**